Мото Клуб „ДРАГОНС“ – Виница

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
Управни и административни органи
ВИНИЦА

Примено: 11 11 2026			
Орг.Един:	Број:	Прилог	Вредност
05	285/16		

Датум: 11.11.2026

До: Општина Виница

БАРАЊЕ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

за активности и манифестации во 2027 година

Почитувани,

Мото Клуб **„ДРАГОНС“ – Виница**, кој активно делува во областа на мото-спортот, туризмот, хуманитарната работа и развојот на локалната заедница, Ви доставува барање за финансиска поддршка за реализација на планираните активности за 2027 година.

Организацијата на нашите настани придонесува за промоција на општината, стимулира развој на туризмот и ја поттикнува локалната економија, а хуманитарните активности помагаат на ранливите категории во заедницата.

Во прилог ги доставуваме Програмата на активности и финансиската рамка за 2027 година.

Со почит,
Мото Клуб „ДРАГОНС“ – Виница
Претседател: Тодор Здравков
Контакт: 072/601-696

ПРОГРАМА НА АКТИВНОСТИ ЗА 2027 ГОДИНА

Мото Клуб „ДРАГОНС“ – Виница во текот на 2026 година планира реализација на следните активности:

1. Годишен Мото Собир 3-ри по ред

Под името DRAGONS MOTO FEST

Период: Лето 2027 замислена дата 30.07
Локација: Круг на поранешен „Монопол“

Опис и активности:

- Мото дефиле низ градот
- Настап на музички бендови
- Натпревари и забавни содржини
- Промоција на безбедно возење
- Хуманитарни активности

Очекувани учесници: 400–800 моторџии

На 12.09.2026 година, под организација на MK Dragons Vinica, успешно го реализиравме овогодинешниот мото собир под името DRAGONS MOTO FEST.

Настанот помина со одлична реализација и повеќе од задоволителна посетеност, и покрај неповолните временски услови и обилните врнежи од дожд.

Особено нè радува фактот што дождот не ги спречи љубителите на мотоциклизмот да бидат дел од нашиот настан. Гости и моторџии пристигнаа на своите мотоцикли од повеќе градови низ Македонија, како и од Србија и Хрватска, покажувајќи дека вистинскиот моторџиски дух не познава временски пречки.

Настанот беше одлично посетен и од нашите сограѓани, кои и покрај дождот дојдоа да уживаат во музичката програма. Присутните имаа можност да ги слушнат безвременските хитови на АРЕА, одличните настапи на нашите локални музичари од Виница, како и енергичната изведба на The Solution.

Сето ова придонесе DRAGONS MOTO FEST да прерасне во успешен настан, кој уште еднаш ја потврди желбата за дружење, музика, моторциска култура и заедништво во нашиот град.

2. Новогодишна Хуманитарна Акција „Дедо Мраз од МК ДРАГОНС“

Период: Последната недела на декември 2027

МК „ДРАГОНС“ традиционално ќе ја организира новогодишна хуманитарна акција со доделување пакетчиња.

Минатата година клубот, од сопствени средства, подели **над 700 пакетчиња** на деца од Виница и околните населби кои за жал не беа доволни за присутните дечиња.

Цели:

- Поддршка за деца и семејства со ниски приходи
- Поттикнување солидарност
- Создавање празничен дух во заедницата

***Истиот настан ќе биде организиран и годинава на 27.12**

3. Хуманитарни и општествени активности (јануари–декември 2027)

- Поддршка на социјално ранливи категории
- Хуманитарни возења
- Соработка со институции
- Донации и помош за семејства од ранлива категорија
- Обуки и едукативни работилници

Следат и низа други настани и активности во кои ние ќе се вклучиме самоиницијативно и истите ќе бидат видливи на нашите инстаграм и фејсбук страници!

ФИНАНСИСКА РАМКА (БУЏЕТ) ЗА 2027

---

1. Годишен Мото Собир 2027

- Озвучување и техничка опрема – 240.000 ден
- Музички бендови – 330.000 ден
- Безбедноста служба – 15.000 ден
- Фото и видео за настанот- 55.000 ден
  Вкупно: 640.000 ден

2. Новогодишна акција „Дедо Мраз од МК ДРАГОНС“

- Пакетчиња (1000+) – 100.000–150.000 ден
  Вкупно: 100.000–150.000 ден

Вкупен предложен буџет за 2027 година:

790.000 денари

Ја очекуваме вашата искрена финансиска подршка.

Со почит,

Мк Драгонс Виница